


КАРПОШ
НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН












ОПШТИНА
КАРПОШ
НЕДЕЛЕН
Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ
СО ЈАВНОСТА

# ПРЕС -КОНФЕРЕНЦИЈА: НОВА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЖДАНЕЦ

Инфраструктурните активности на територијата на Општина Карпош продолжуваат со засилено темпо. По тој повод, градоначалникот на Општината Стевчо Јакимовски даде изјава за медиумите во која ги објасни сите детали околу овој капитален проект на локалната власт:

-Во фаза сме на изведба на фекална канализација во должина од 600 метри за новата населбата во Жданец, која што почнува интензивно да се гради. Со ова, практично, повеќе ќе нема септички јами во овој дел од Општината, а со тоа ќе прекине загадувањето на подземните води. Инвестиција чини околу 3.900.000 денари, а за нејзината изведба е ангажирана фирмата ,,Ју –Бај 1'', а со оваа канализација ќе биде поврзана целата населба. Сакам да напоменам дека ова е втора фаза од реализација на проектот, кој започна со поставување на фекална канализација од последната станица на автобусот бр. 57 во населбата Нерези. На тој начин се овозможува подобар комодитет во живеењето на граѓаните во овој дел на Општина Карпош.

Во исто време работиме на подобрување во водоснабдувањето, бидејќи во овој дел, нема квалитетно водоснабдување, односно има само техничка вода, односно водата не се користи за пиење. Со ова практично се обезбедува многу подобро живеење за граѓаните, бидејќи во исто време ќе се изврши асфалтирање на оваа улица, каде што живеат граѓаните коишто веќе самите ја имаат поплочено со бекатон плочки, образложи првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски.

Градоначалникот Јакимовски, напомена дека изградбата на овој дел од канализациониот вод ќе заврши за околку дваесет дена. По завршувањето, сите граѓани кои градат, или имаат изградено куќи, ќе можат да се приклучат на фекалната канализација, а со тоа септичките јами на територијата на Општина Карпош ќе бидат минато.



# „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ- КАРПОШ“ ВЕСЕЛО ЈА ЗАВРШИ ГОДИНАТА

Во четвртокот (09,06,2016) ООУ „Христијан Тодоровски- Карпош“, ја одржа својата годишна приредба. Во присуство на претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, родители, наставници и ученици, директорката на училиштето, Лида Симјаноска им додели пофалници на ученици кои биле наградувани на општински, регионални и државни натпреварувања. Лука Грашковски беше награден со специјална награда од училиштето, како ученик кој учествувал по сите предмети на натпреварувањата, освојувајќи голем број на први и втори места.

Со изведба на модерни танци, индивидуални и групни песни, основците од ова училиште на пригоден начин ја одбележаа и заокружија учебната година.












# БЕСПЛАТЕН ОДМОР ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ОСНОВЦИ ОД КАРПОШ

Во четвртокот (09,06,2016) во амфитеатарот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Советот на Општина Карпош заседаваше по педесетти пат. На оваа седница, советниците гласаа по 18 точки на дневниот ред.

Командирот на Полициската станица во Карпош го презентираше извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на патиштата на подрачјето на оваа полициска станица за 2015 година. На оваа седница советниците изгласаа одобрување на финансиски средства како помош на заслужен граѓанин на Општина Карпош, и исто така ги одобрија предвидените средства за џудистката Арбреша Реџепи. Едногласно Советот ја одобри и одлуката за бесплатен летен одмор на основци од социјално загрозени семејства од училиштата на територија на Општина Карпош. Традиционално и оваа година, учениците од основните училишта во Карпош кои освоиле значајни спортски успеси на регионалните и државните натпреварувања, ќе летуваат во збратимената општина Тиват во Црна Гора, со средства од буџетот на локалната самоуправа.



